**М-р Николчо Спасевски**[1]

# ЗЛАТЕН ТРИАГОЛНИК: ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И ТЕРОРИЗАМ

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 343.9.02(100)**
**УДК 343.341:[343.575:343.344**

## Апстракт

Транснационалниот криминал, кој вклучува нелегални активности, како што се трговија со оружје, дрога и тероризам, претставува сериозна закана за глобалната и националната безбедност. Со својата прекугранична природа, овој криминал ги надминува националните јурисдикции и ги искористува празнините во меѓународното право и во координацијата на властите. Истовремено, овие активности се меѓусебно поврзани, создавајќи симбиотски однос во кој едната форма на криминал ја поттикнува другата. Трговијата со дрога и оружје обезбедува финансирање за терористичките групи, а нивната дејност ги интензивира насилството и политичката нестабилност во регионите каде што оперираат тие. Овој труд ги разгледува комплексните поврзаности помеѓу овие криминални активности и нивниот директен ефект врз порастот на тероризмот, а резултатите ја потврдуваат значајноста на поврзаноста.

**Клучни зборови:** *транснационален криминал, дрога, оружје, тероризам, финансирање.*

## Вовед

Транснационалниот криминал е комплексен и многу распространет феномен, кој, како ниеден друг криминал, без преседан, ги загрозува и националната и глобалната безбедност, економската стабилност и развој, но и социјалната кохезија, поради што претставува еден од најитните предизвици на XXI век. Економската стабилност и социјалната кохезија заедно претставуваат состојба во која економијата функционира предвидливо и одржливо, додека истовремено во општеството владеат доверба, солидарност и меѓусебна поврзаност, што овозможува мирен и хармоничен развој на заедницата (Martin, 2022). Наспроти ова, транснационалниот криминал и неговите

[1] Докторанд на катедрата по казнено право при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Е-пошта: nspasevski@yahoo.com.

активности се прелеваат на поширока територија, односно вклучуваат повеќе земји и региони, и имаат прекугранична природа, која овозможува да ги надмине националните јурисдикции, искористувајќи ги празнините во спроведувањето на законот, управувањето и реакцијата на надлежните органи, како и слабостите на меѓународната соработка, поради што многу лесно се движи низ некои земји (Crank and Jacoby, 2015), а неговите активности лесно се префрлуваат низ земјите (Maras, 2015). Обединетите нации (1995) идентификуваат широк опсег на 18 злосторства што може да бидат транснационални, кои вклучуваат: трговија со луѓе, трговија со делови од човечко тело, нелегална трговија со дрога, терористички активности, недозволена трговија со оружје, кражба на уметнички и културни објекти, перење пари, кражба на интелектуална сопственост, компјутерски криминал, еколошки криминал, киднапирање авиони, поморска пиратерија, измами во осигурувањето, лажен стечај, инфилтрација во легален бизнис, корупција и поткуп на јавни или партиски функционери. Различни криминални активности, како „пипала на октопод", се поддржуваат и си помагаат за да ја остварат крајната цел – профит. Парите се примарната мотивација за овие незаконски активности. Транснационалниот криминал е бизнис што важи за многу профитабилен бизнис, за што говори фактот дека остварените средства од транснационални активности опфаќаат помеѓу 3 % и 7 % од светскиот бруто-домашен производ годишно (процената за 2024 година е 109,53 трилиони долари). Ако изнесува 5 %, тоа би било 5,8 трилиони долари годишно, што е повеќе од двапати од сите годишни воени буџети на светот заедно што изнесуваат 2,44 трилиони долари (Millenium Project, 2024).

Овој труд се фокусира на три од нив, и тоа: трговија со оружје, трговија со дрога и тероризам, и притоа испитува дали и како трговијата со оружје и трговијата со дрога корелираат со порастот на тероризмот.

## Трговија со дрога, трговија со оружје и тероризам и нивната меѓусебна поврзаност

Трговијата со дрога се смета за една од најраспространетите форми на транснационален криминал што генерира морална паника (Jenner, 2014). Нелегалната трговија со дрога е широко распространета не само во земјите во развој, туку е сериозен проблем и во повеќето индустријализирани земји. Недозволената трговија со дрога се однесува на нелегално производство, дистрибуција и продажба на контролирани супстанции, вклучувајќи наркотици, стимуланси, халуциногени и други дроги класифицирани како нелегални според националните и меѓународните закони, кои може да варираат меѓу јурисдикциите.

Транснационалните криминални организации имаат развиено и раширено мрежно дејствување на доставувачи и компании за легални деловни активности, чија цел е да ја олеснат недозволената трговија со дрога (Митиќ, 2013), а се служат и со киднапирања, убиства, ликвидации, и тоа на многу суров начин (запалување на телото, фрлање во киселина, убивање членови на семејството и друго). Тоа значи дека нивната дејност е проследена со голема суровост, а тоа се прави исклучиво за да го штитат профитот.

Илегалните пазари на дрога прераснаа во светски профитабилна индустрија и се сметаат за основна дејност во организираниот криминал. Во 2023 година, приходите од трговијата со нелегалните дроги одговараат на една петтина од вкупниот приход генериран

во глобалниот криминал. Caulkins и Reuter (2022) проценуваат дека нелегалниот пазар на дрога на глобално ниво вреди стотици милијарди американски долари, што е сериозен и фрапантен податок. Меѓутоа, уште посериозна е процената дека бројките ќе растат и во иднина, и покрај сите напори за намалување на овој вид криминал.

Трговијата со оружје е продажба или движење на огнено оружје или муниција од една во друга земја, без дозвола на двете, или без соодветни ознаки (United Nations, 2005). Целиот процес се одвива прикриено, преку разни канали и патишта, каде што во однос на транспортот има посебно изработена стратегија, која се карактеризира со извидување на граничните премини преку скриени канали и премини, проучување на царинските и полициските контроли, поседување превоз или ангажирање средства за превоз со фалсификувани документи. Црниот пазар на оружје го карактеризираат три основни белези: нелегалност, таен карактер на зделките и перење пари со „мирис на барут“. Трговијата со оружје е високопрофитабилна криминална активност за која се потребни огромни финансии за купување, па затоа е поврзувана со членови од повисоките слоеви, кои уживаат одреден економски, социјален или политички статус во државата. Трговијата со оружје е тесно поврзана со низа други криминални активности, вклучувајќи корупција, тероризам, перење пари, изнуда и други облици на организиран криминал, кои функционираат како дел од комплексна мрежа на нелегални операции, а притоа оружјето често претставува средство за постигнување финансиски или политички цели (Makarenko, 2004).

Тероризмот претставува криминална активност со употреба на груба сила и разни други методи на насилство од страна на поединци, групи, терористички организации, терористички мрежи или држави поради предизвикување масовен страв, несигурност и недоверба кај граѓаните кон институциите на системот, со цел за принудување на владите да остварат интереси (Николовски, 2008; Albanese, 2015) што произлегуваат од политичко-идеолошки и економски, национал-сепаратистички или верски каузи. Тероризмот може да вклучува атентати, киднапирања и убиства (Николовски, 2008). Иако терористички акти може да изврши и само едно лице, за разлика од трговијата со дрога и оружје, сепак најчесто делата се добро организирани од сериозно подготвени групи, односно организации, како што се: Ал Каеда, Боко Харам, Исламска држава, Ал-Шабаб, Лашкар-е-Таиба, Хезболах, Хамас. Овие организации претставуваат не само регионален, туку и глобален безбедносен предизвик, бидејќи честопати се вклучуваат во нелегална трговија со оружје и дрога (Makarenko, 2004; UNODC, 2020).

Поврзаноста помеѓу трговијата со дрога, трговијата со оружје и тероризмот е повеќеслојна. Терористичките групи имаат корист од огромен број транснационални активности на организиран криминал и често се занимаваат со трговија со дрога како значаен извор на приходи, што им овозможува да ги финансираат нивните операции, да набавуваат оружје и да ги одржуваат нивните организациски структури (Makarenko, 2004). Талибанците преку трговијата со опиум ги финансираат своите активности и членови, додека, пак, во Латинска Америка, картелите, кои го тероризираат локалното население, набавуваат оружје од екстремистички групи надоместувајќи им со дрога (Felbab-Brown, 2009). Терористичките организации потребното оружје и експлозивите ги набавуваат преку илегална трговија со оружје, а средствата понекогаш ги обезбедуваат преку трговија со дрога (Shelle, & Melzer, 2011). UNODC (2020) потенцира дека значителен дел од приходите од недозволената трговија со дрога се насочува кон набавка на оружје и други ресурси за да ги вршат своите операции, како и за регрутирање или финансирање на членовите и нивните семејства (Makarenko, 2004). Илегалната трговија со оружје претставува клучен фактор што

значително придонесува за зголемениот интензитет и бројноста на терористичките напади. Преку овие нелегални мрежи, терористичките групи имаат пристап до напредни, софистицирани вооружувања, кои ги користат за извршување напади со висока разорна моќ и контрола на територии, што ги зголемува масовноста и смртноста на жртвите, односно последиците и штетата се огромни (Shelley & Melzer, 2011). Ова дополнително ја истакнува критичната улога на нелегалната трговија со оружје во потхранувањето на глобалниот тероризам и неговото ширење (Florquin & Berman, 2005). Joshi (2019) тврди дека некои терористички групи, како што е Лашкар-е-Таиба, имаат главна улога во набавката на пакистанското нуклеарно оружје што служи против перципираните надворешни закани, а Yacubu (2005) посочува дека прекумерната и неконтролирана акумулација на оружје предизвикала појава на бунтовнички движења, приватни милиции, терористи, трговци со дрога, дилери на оружје, итн.

Овие видови транснационален криминал често се во симбиотска врска затоа што профитот од една недозволена активност ја поттикнува или ја поддржува другата (Cockayne & Walker, 2017). Нивната природа и штетата што ја прават на меѓународната сцена укажува на потенцијалот за проширување еден вид криминал со нови незаконски активности вон националните граници и соработка со други организирани транснационални криминални групи (United Nations, 1995). Ваквата врска претставува реална закана и за националната и за меѓународната безбедност (Martin, 2014).

## Состојба и трендови на тероризмот и трговијата со оружје и дрога

Со години наназад најпогодени од тероризам се неколку земји од Азија и од Африка. Во Табела 1 се прикажани земјите што се рангирани како првите пет земји со највисок индекс на тероризам во светот. Презентирани се податоци за период од пет години, односно од 2019 до 2023 година.

**Табела 1. Податоци за тероризмот во петте најзагрозени земји во периодот од 2019 до 2023 г.**

| Година | Ранг | | Индекс на тероризам | Напади | Жртви | Повредени | Учество во вкупниот број загинати во светот (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 1 | Авганистан | 9,592 | 1.422 | 5.725 | 6.221 | 41 % |
| | 2 | Ирак | 8,682 | 495 | 564 | 1.029 | 4 % |
| | 3 | Нигерија | 8,314 | 411 | 1.245 | 419 | 4 % |
| | 4 | Сирија | 7,778 | 211 | 517 | 979 | 4 % |
| | 5 | Сомалија | 7,645 | 239 | 569 | 765 | 4 % |
| 2020 | 1 | Авганистан | 8,734 | 643 | 1.292 | 2.395 | 8 % |
| | 2 | Ирак | 8,298 | 637 | 464 | 748 | 3 % |
| | 3 | Сомалија | 8,066 | 344 | 671 | 491 | 2 % |
| | 4 | Буркина Фасо | 8.007 | 193 | 666 | 187 | 1 % |
| | 5 | Сирија | 7,869 | 450 | 746 | 1.076 | 4 % |
| 2021 | 1 | Авганистан | 9,109 | 837 | 1.426 | 2.199 | 20 % |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | Ирак | 8,511 | 833 | 524 | 836 | 7 % |
| | 3 | Сомалија | 8,398 | 308 | 599 | 478 | 8 % |
| | 4 | Буркина Фасо | 8,270 | 216 | 732 | 231 | 10 % |
| | 5 | Сирија | 8,250 | 338 | 488 | 502 | 7 % |
| **2022** | 1 | Авганистан | 8,882 | 225 | 633 | 897 | 9 % |
| | 2 | Буркина Фасо | 8,564 | 310 | 1.135 | 496 | 17 % |
| | 3 | Сомалија | 8,463 | 299 | 755 | 1.001 | 11 % |
| | 4 | Мали | 8,412 | 272 | 944 | 376 | 14 % |
| | 5 | Сирија | 8,161 | 19 | 447 | 451 | 7 % |
| **2023** | 1 | Буркина Фасо | 8,571 | 258 | 1.907 | 442 | 23 % |
| | 2 | Израел | 8,143 | 20 | 1.210 | 4.537 | 14 % |
| | 3 | Мали | 7,998 | 253 | 753 | 390 | 9 % |
| | 4 | Пакистан | 7,916 | 490 | 689 | 1.173 | 8 % |
| | 5 | Сирија | 7,890 | 320 | 650 | 767 | 8 % |

Извор: Vision of humanity (2025).

Авганистан има највисок индекс на тероризам во сите години, кои се движат од 9.592 (2019) до 8.882 (2022), што покажува продолжено високо ниво на терористички активности. Само во 2023 година, приматот го презеде Буркина Фасо (8.571). Ирак и Сирија исто така редовно се на високите позиции, со индекси што се движат помеѓу 7,7 и 8,5. Ирак е на втората позиција по Авганистан три години по ред (2019–2021), додека, пак, во целиот анализиран период, Сирија е на петтата позиција. Само во 2019 година, Нигерија е рангирана меѓу првите пет држави (трета позиција) (8.314), додека, пак, Израел само во 2023 година на втората позиција (8.143).

Во 2019 година, Авганистан има најголем број напади (1.422) и жртви (5.725), и тоа во текот на целиот анализиран период од 2019 до 2023 година, што ја прави најзагрозената земја во овој период. Во 2020 година, бројот на напади во Авганистан значително опаѓа на 643, но бројот на жртви се зголемува на 1.292. Во 2021 и 2022 година, и покрај што има пад во бројот на напади, бројот на загинати останува висок, особено во Авганистан, што укажува на продолженото насилство и на нестабилност. Сирија и Сомалија забележуваат значителен број жртви и повредени во текот на анализираниот период, освен во 2023 година, кога Сомалија не е рангирана меѓу петте најзагрозени земји од тероризам во светот.

Авганистан доминира и во бројот на загинати во светски рамки, со дури 41 % во 2019 година, но овој процент се намалува во следните години (до 9 % во 2022 г.), што укажува на намалување на терористичките активности или прераспределба на насилството. Буркина Фасо и Мали значително го зголемуваат своето учество во глобалниот број на загинати во 2022 и 2023 година (до 17 %, 23 % и 14 %, 9 %, респективно). И Израел има висок процент во 2023 година (14 %), што сугерира дека терористичките напади во оваа земја биле интензивни во овој период, особено по воениот конфликт со Палестина и терористичките формации што дејствуваат на оваа територија.

Иако има одреден пад во интензитетот на терористичките активности, сè уште бележат значителен број напади и жртви.

Во најзагрозените земји дејствуваат повеќе терористички организации, а некои терористички организации и во повеќе земји (Табела 2), што ја нагласува нивната значајна улога во рангирањето на овие земји како небезбедни поради висок ризик од терористички активности.

**Табела 2. Терористички организации во најзагрозените земји.**

| Држава | Терористичка организација |
|---|---|
| **Буркина Фасо** | Jama'at Nusrat al-Islam wal-Muslimin, Islamic State in the Greater Sahara, Ansarul Islam |
| **Израел** | Hamas, Palestinian Islamic Jihad, Hezbollah, Popular Front for the Liberation of Palestine |
| **Мали** | Islamic State in the Greater Sahara, Jama'at Nusrat al-Islam wal-Muslimin, Macina Liberation Front |
| **Пакистан** | Tehrik-e-Taliban Pakistan, Lashkar-e-Taiba, Jaish-e-Mohammed, Zainebiyoun Brigade |
| **Сирија** | Islamic State of Iraq and Syria, Hay'at Tahrir al-Sham, Hezbollah |
| **Авганистан** | Taliban, Al-Qaeda, Islamic State of Iraq and Syria-Khorasan Province, Sunni extremists, Haqqani Network, Tehrik-e-Taliban Pakistan |
| **Ирак** | Islamic State of Iraq and Syria, Kata'ib Hizballah, Asa'ib Ahl al-Haq, Al-Qaeda, Jaysh al-Mahdi |
| **Сомалија** | Al-Shabaab, Al-Ittihad al-Islami, Islamic State in Somalia |
| **Нигерија** | Boko Haram, Islamic State West Africa Province, Ansaru |

Од табелата се забележува дека постои голема концентрација на терористички организации и во Супсахарска Африка (Буркина Фасо, Мали, Нигерија, Сомалија) и на Блискиот Исток (Сирија, Ирак, Израел, Авганистан, Пакистан).

Државите како Сирија и Ирак претставуваат жаришта на мултифункционални терористички мрежи со присуство на повеќе организации, што укажува на комплексноста на безбедносната ситуација.

*Islamic State of Iraq and Syria* е најраспространетата терористичка организација, која дејствува во најмногу држави, што ја прави не само регионална, туку и глобална закана за меѓународната безбедност. Од друга страна, регионалните организации, како што се *Boko Haram* во Нигерија и *Al-Shabaab* во Сомалија, имаат локализирани, но високоинтензивни активности.

Буркина Фасо е една од најпогодените држави во Западна Африка од терористички активности, со три активни џихадистички групи што ги загрозуваат безбедноста и стабилноста. Овие организации се разликуваат по нивната поврзаност со глобални терористички мрежи, но имаат заедничка цел – создавање исламска држава и проширување на нивното влијание во регионот.

Израел се соочува со мултидимензионална закана од четири значајни терористички организации, кои имаат долга историја на активности и кои користат различни стратегии, вклучувајќи вооружени напади, ракети, самоубиствени напади и политички влијанија. Сериозноста на овие групи се заснова врз нивните ресурси, меѓународните поддржувачи (Иран, Сирија), како и нивната идеолошка посветеност кон елиминација на Израел и воспоставување палестинска држава.

Мали останува еден од најзагрозените региони во Африка, со континуирани насилства, етнички тензии и слаб институционален капацитет за справување со овие предизвици. Во Мали дејствуваат три значајни терористички организации, кои се дел од пошироките џихадистички мрежи што оперираат низ регионот на Сахел, изведувајќи напади врз цивили, војска и меѓународни сили. Тие претставуваат сериозна закана, која произлегува од координираните напори на овие групи, нивната поврзаност со меѓународните терористички мрежи и способноста за приспособување кон суровите услови на Сахел.

Пакистан е дом на неколку активни терористички организации што претставуваат значајна закана за националната безбедност и регионалната стабилност. Овие групи имаат различни идеолошки мотиви, вклучително исламски екстремизам, сектаријански тензии и антивладини активности. Четирите организации имаат различни цели и методи, и додека *Tehrik-e-Taliban Pakistan* се фокусира на домашна дестабилизација, *Lashkar-e-Taiba* и *Jaish-e-Mohammed* претставуваат регионални закани, особено за Индија. Од друга страна, *Zainebiyoun Brigade* претставува значаен индикатор за геополитичките влијанија во регионот и можни сектаријански судири.

Сирија претставува еден од најкомплексните и најопасни конфликти во модерната историја, со присуство на повеќе терористички организации што вршат насилни активности и имаат различни идеолошки и стратешки цели. *Islamic State of Iraq and Syria* и *Hay'at Tahrir al-Sham* се сунитски екстремистички групи, а *Hezbollah* ја сочинуваат шиитски милитанти што причинуваат и нанесуваат најголеми штети во Сирија. Групите како што е *Islamic State of Iraq and Syria* се стремат кон создавање калифат што е управуван според строги шеријатски закони, при што некои исламистички фракции се стремат да го соборат актуелниот сириски режим, а некои терористички организации се насочени кон елиминација на религиозните и етничките малцинства, како што се Курдите, Алавитите, Христијаните и други, со цел консолидирање територија под нивна доминација. Сите покажуваат силен отпор кон странска интервенција.

Авганистан е жариште на терористичката активност во светот поради присуството на повеќе радикални организации, кои се натпреваруваат за доминација, што дополнително го комплицира безбедносниот пејзаж во регионот. Покрај вооружените конфликти, терористички групи што дејствуваат во Авганистан активно користат стратегии на терор, како што се бомбашки напади, целни ликвидации и киднапирања, за да ги остварат своите цели. Целта на сите е воспоставување теократска држава заснована врз нивното толкување на шеријатскиот закон. Оваа цел е идеолошки мотивирана од фундаменталистичките исламски учења и стремежот за враќање кон „чистата“ исламска држава. Голем дел се фокусирани на протерување на странските сили, како што се САД и НАТО, кои ги сметаат за окупатори. Одредени групи, како што се *Al-Qaeda* и *Islamic State of Iraq and Syria-Khorasan Province*, имаат пошироки глобални цели, кои се насочени кон поддршка на исламски џихад низ светот.

Бројот на терористички организации во Ирак е значителен, со комплексни меѓусебни односи и различни идеолошки и стратешки цели. Овие групи претставуваат сериозна закана за безбедноста, често користејќи напади со експлозивни направи, атентати и киднапирања. Целта на сунитските групи, како што е *Islamic State of Iraq and Syria*, е воспоставување сунитски калифат и борба против шиитската влада, која ја сметаат за нелегитимна и „еретичка“, додека, пак, шиитските милиции, поддржани од владата на Иран, ги оправдуваат своите активности како одбрана од сунитските терористички закани, поради

што често колатерална штета е локалното население. Многу терористички групи во Ирак ги отфрлаат секуларната власт и демократијата како „западен концепт“. Нивната идеологија е насочена кон воспоставување теократска власт, која ги одбива западните вредности.

Сомалија е една од земјите со најголема активност на терористички организации во Источна Африка, иако во оваа земја оперираат терористички групи што се помалку на број. Нивното влијание е значително поради нивната организираност и способност за водење долготрајни асиметрични конфликти. Целта на терористичките групи е поткопување на федералната влада на Сомалија, која ја сметаат за нелегитимна и поддржана од странски сили. Се спротивставуваат на странското воено присуство во Сомалија, особено на Африканската мисија во Сомалија (AMISOM), како и на трупите од Кенија, Етиопија и другите држави што се дел од африканските мировни сили. Го оправдуваат насилството како „одбрана на муслиманските земји“ од „странска окупација“.

Нигерија се соочува со значајни безбедносни предизвици предизвикани од активностите на неколку терористички организации, меѓу кои најистакнати се *Boko Haram*, *Islamic State West Africa Province* и *Ansaru*. Трите групи се водени од различни идеологии: *Boko Haram* – спроведување шеријатски закон и одбивање на западното образование и култура, *Islamic State West Africa Province* – создавање исламистичка држава под водство на Исламската држава (ISIS) во регионот, и *Ansaru* – напади врз нигериските безбедносни сили и странските интереси во регионот.

За да ја испитаме поврзаноста на тероризмот со трговијата со оружје и дрога, следно, во Табела 3 ги прикажуваме податоците за анализираните земји во однос на нивниот увоз на оружје, индексите на трговија со различни дроги (хероин, кокаин, канабис, синтетички дроги) и заплените на дроги во килограми во периодот од 2019 до 2023 година.

**Табела 3. Податоци за трговијата со оружје и дрога во петте најзагрозени земји во периодот од 2019 до 2023 г.**

| Година | Ранг | Држава | Увоз на оружје (милиони УДС) | Индекс на трговија со оружје | Индекс на трговија со хероин | Индекс на трговија со кокаин | Индекс на трговија со канабис | Индекс на трговија со синтетички | Заплена на дроги (кг) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 1 | Авганистан | 383 | / | / | / | / | / | 5.411,12 |
| | 2 | Ирак | 145 | / | / | / | / | / | 517 |
| | 3 | Нигерија | 18 | / | / | / | / | / | 6.127,58 |
| | 4 | Сирија | 36 | / | / | / | / | / | 0 |
| | 5 | Сомалија | 8 | / | / | / | / | / | 0 |
| 2020 | 1 | Авганистан | 234 | / | / | / | / | / | 433.790,26 |
| | 2 | Ирак | 4 | / | / | / | / | / | 1.044,91 |
| | 3 | Сомалија | 2 | / | / | / | / | / | 0 |
| | 4 | Буркина Фасо | 2 | / | / | / | / | / | 13.904,3 |
| | 5 | Сирија | 84 | / | / | / | / | / | 0 |
| 2021 | 1 | Авганистан | 65 | 8,5 | 9,5 | 2 | 7,0 | 8,5 | 228.209,57 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | Ирак | 0 | 9,0 | 6,0 | 5 | 6,0 | 6,0 | 1585,04 |
| | 3 | Сомалија | 2 | 8,5 | 2,0 | 2 | 2,0 | 2,0 | 0 |
| | 4 | Буркина Фасо | 28 | 8,0 | 4,0 | 4 | 3,0 | 6,0 | 122.817,06 |
| | 5 | Сирија | 11 | 9,0 | 3,0 | 2,5 | 7,5 | 9,5 | 0 |
| 2022 | 1 | Авганистан | 0 | / | / | / | / | / | 316.369,3 |
| | 2 | Буркина Фасо | 1 | / | / | / | / | / | 240.985,15 |
| | 3 | Сомалија | 0 | / | / | / | / | / | 0 |
| | 4 | Мали | 0 | / | / | / | / | / | 29.246,65 |
| | 5 | Сирија | 0 | / | / | / | / | / | 6.916,99 |
| 2023 | 1 | Буркина Фасо | 0,136 | 8,0 | 4,0 | 4 | 4,0 | 5,5 | 0 |
| | 2 | Израел | 0 | 6,5 | 3,0 | 5,5 | 6,5 | 5,5 | 0 |
| | 3 | Мали | 0 | 8,0 | 3,0 | 6 | 7,0 | 7,0 | 0 |
| | 4 | Пакистан | 1,35 | 8,5 | 8,5 | 3 | 7,0 | 7,0 | 0 |
| | 5 | Сирија | 0 | 9,0 | 3,0 | 2,5 | 7,5 | 10,0 | 12.025,46 |

Забелешка: / – нема официјални веродостојни податоци.

Извор: OCIDEX (2025); Institute for Economics & Peace (2025); OCIDEX (2025); World Abnk Group (2025); World Integrated Trade Solution (2025); UNODC (2021); FBI (2025); OCIDEX (2025); Global Initiative (2023); United Nations (2025).

Авганистан, Ирак и Сирија имаат високи вредности на увоз на оружје, што се поврзува со постојаните воени конфликти и со нестабилноста. Сите анализирани земји имаат висок индекс на трговија со оружје (од 8,0 до 9,0). Највисок индекс од 9,0 имаат 3 земји, и тоа во 2021 година – Ирак и Сирија, а Сирија и во 2023 година. Најмал е индексот за Израел во 2023 година од 6,5.

Земја со највисок индекс на трговија со хероин е Авганистан во 2021 година (9,5), а Пакистан во 2023 година (8,5), кои се главен извор за хероин, додека, пак, земја со највисок индекс на синтетички дроги е Сирија во 2021 година (9,5) и во 2023 (10,0), но, исто така, и Авганистан во 2021 година (8,5), кои се значителни трговски рути преку кои се шират синтетичките наркотични средства. Сите земји имаа сличен индекс на трговија со канабис (6,0–7,5), со исклучок на Сомалија и Буркина Фасо во 2021 година (2,0 и 3,0, соодветно) и Буркина Фасо во 2023 година (4,0). Ирак има највисок индекс на трговија со кокаин во 2021 година (5), а Мали и Израел во 2023 година (6 и 5,5, соодветно).

Во Авганистан е континуирано висока и запленета на дроги, што ја покажува важноста на оваа земја како главен извор на опијати. Најмногу дрога во 2019 година е запленета во Нигерија (6.127,58 кг), а во 2020, 2021 и 2022 година во Авганистан. Во Мали, Сомалија, Ирак и Сирија има заплена на помали количества дроги, поради што може да се претпостави дека овие земји или се помалку поврзани со производството и транспортот на дроги, или, пак, нивната способност за заплена е ограничена.

За ниту една од анализираните држави не беа достапни податоци за извоз на оружје. На светската сцена, помеѓу 2019 и 2023 година, главни играчи се Соединетите Држави, кои ја задржаа својата позиција како водечки извозник на оружје во светот, со 41,7 % од глобалната продажба (Графикон 1). Франција ја престигна Русија на втората позиција,

придонесувајќи со 10,9 % од глобалниот извоз на оружје, додека, пак, уделот на Русија се намали на 10,5 %, во споредба со 18,6 % пред војната со Украина. Со падот на извозот на Русија, Шпанија го врати своето место меѓу водечките осум извозници, а во меѓувреме и другите играчи, како што се Кина, Германија, Италија и Обединетото Кралство, добија важност.

**Графикон 1. Најголемите добавувачи на оружје во светот во периодот од 2019 до 2023 г.**




Извор: Buchholz (2024).

Во десетте најголеми увозници на оружје во светот се појавува само Пакистан. Индија е главниот глобален увозник, за која клучни добавувачи се Франција и Русија. Франција извезува оружје во 64 земји. Русија ѝ испорачува оружје на 41 земја, а двете земји и САД се фокусираа на Азија и на Блискиот Исток, особено кон пазари како што се Саудиска Арабија, Катар и Кина (Графикон 2). Снабдувањето од САД за Украина неодамна беше критично, но затоа, пак, Германија и Полска се појавија како значајни добавувачи (Buchholz, 2024).

**Графикон 2. Најголеми увозници на оружје во периодот од 2019 до 2023 г.**




Извор: Dyvik (2024).

Финансирањето на терористичките активности претставува една од клучните компоненти во ефикасноста на терористичките организации. Во Табела 4 е даден приказ на различните начини на кои терористите ги добиваат потребните средства за своите операции.

**Табела 4. Извори на финансирање терористички организации.**

| Терористичка организација | Извори на финансирање |
|---|---|
| Jama'at Nusrat al-Islam wal-Muslimin | Киднапирање за откуп, изнуда и оданочување на локалното население и бизниси, како и вмешаност во недозволена трговија, како што е шверц на дрога и оружје. |
| Islamic State in the Greater Sahara | Киднапирање за откуп, изнуда од локалното население и недозволена трговија, особено шверц и трговија со оружје и дрога. |
| Ansarul Islam | Киднапирање за откуп, изнуда, рации во локалните заедници, шверц и кражби на оружје, дрога и добиток, надворешна финансиска поддршка од поголемите терористички мрежи, како што е Ал-Каеда, и симпатизери и незаконски донации од странство. |
| Hamas | Донации од поединци и организации, државно спонзорство (првенствено од Иран), оданочување бизниси и поединци во појасот Газа, шверц и нелегална трговија со дрога, оружје, муниција и други забранети стоки. |
| Palestinian Islamic Jihad | Државно спонзорство (првенствено од Иран), донации од поединци и организации и недозволена трговија со оружје, муниција и стоки со двојна употреба, кои може да се пренасочат за воени цели, дрога, електроника и друго. |
| Hezbollah | Државно спонзорство (првенствено од Иран), донации од поединци и организации и трговија со дрога, перење пари и шверц со оружје, генерира приходи преку деловни потфати, вклучително и контрола врз различни економски сектори во Либан и во регионот. |
| Popular Front for the Liberation of Palestine | Државно спонзорство (првенствено од Сирија и Иран), донации од поединци и групи, шверц на оружје, муниција, електроника, комуникациска опрема и оданочување бизниси во областите под нивна контрола. |
| Macina Liberation Front | Киднапирање за откуп, изнуда од локалните заедници, недозволена трговија на оружје и наркотици, оданочување и рации во селата. |

| | |
|---|---|
| Tehrik-e-Taliban Pakistan | Киднапирање за откуп, изнуда од локалното население и бизниси, шверц на оружје и наркотици, финансиска поддршка од надворешни државни актери и донации од симпатизери. |
| Lashkar-e-Taiba | Донации од поединци и организации, државно спонзорство (особено од Пакистан) и недозволени активности како што се шверц и трговија со дрога. Групата, исто така, собира средства преку добротворни организации и изнуда во областите под нејзино влијание. |
| Jaish-e-Mohammed | Донации од поединци и добротворни организации, државно спонзорство (најмногу од Пакистан), шверц на оружје и наркотици, средства од организации преправени како добротворни цели. |
| Zainebiyoun Brigade | Првенствено е финансирана, обучена и надгледувана од *Iranian Revolutionary Guard Corps*, која, пак, се финансира од Иранската влада, која одвојува дел од својот национален буџет, влијание врз различни сектори на економијата на Иран, вклучувајќи ги градежништвото, телекомуникациите и енергијата, избегнување санкции, шверц и продажба на нафта на црниот пазар, перење пари. |
| Islamic State of Iraq and Syria | Продажбата на нафта од нафтени полиња во Ирак и Сирија, даноци на локалното население и изнуда на финансии од бизниси, киднапирање за откуп, ограбување банки, бизниси и археолошки локалитети, конфискација на имоти. |
| Hay'at Tahrir al-Sham | Даноци за бизнисите, трговците и локалното население, контролирање на клучните гранични премини меѓу Сирија и Турција, наплаќајќи такси за стоки и луѓе што поминуваат низ нив, шверц на гориво, стоки и оружје низ Северна Сирија, приватни донации (првенствено од регионот на Персискиот Залив). |
| Taliban | Трговија со дрога, експлоатирање минерални ресурси на Авганистан, вклучувајќи ископување и продажба на минерали, како што се талк, мермер и злато, изнудување пари од локалното население, донации од странски поединци. |
| Al-Qaeda | Донации од поддржувачи поединци, добротворни и невладини организации, киднапирање за откуп, изнуда и трговија со дрога. |
| Islamic State of Iraq and Syria-Khorasan Province | Финансирање од *Islamic State of Iraq and Syria (ISIS)*. |
| Sunni extremists | Донации од поединци и бизниси (понекогаш канализирана преку добротворни цели), киднапирање за откуп, изнуда, трговија со фалсификувани документи и евентуално шверц на оружје, наркотици, експлоатирање природни ресурси (како нафта). |
| Haqqani Network | Државни спонзори (особено од пакистанското меѓусервисно разузнавање) и од богати добротвори во земјите од Персискиот Залив, трговија со дрога и киднапирање за откуп, даноци на локалното население. |
| Kata'ib Hizballah | Преку *Islamic Revolutionary Guard Corps* и киднапирање за откуп и шверц на дрога и оружје (особено од Иран). |
| Asa'ib Ahl al-Haq | Преку *Islamic Revolutionary Guard Corps* и дополнително преку изнуда и шверц на оружје и дрога. |
| Jaysh al-Mahdi | Преку *Islamic Revolutionary Guard Corps*, шверц на дрога и оружје, изнуда и киднапирање за откуп. |
| Al-Shabaab | Изнуда, киднапирање за откуп, даноци за бизнисите, локалното население и индустриите, нелегална трговија со јаглен, риболов, дрога и оружје, пиратерија на брегот на Сомалија, донации од симпатизери (вклучително и извори од Блискиот Исток). |
| Al-Ittihad al-Islami | Илегална трговија со оружје, дрога и јаглен, пиратерија на сомалискиот брег. |
| Islamic State in Somalia | Изнуда, илегална трговија со оружје, дрога и јаглен, киднапирање за откуп, пиратерија на сомалискиот брег. |

| | |
|---|---|
| Boko Haram | Киднапирање за откуп, изнуда и оданочување на локалните заедници, шверц со оружје, дрога и јаглен, рации во села, надворешни донатори и од други милитантни организации. |
| Islamic State West Africa Province | Киднапирање за откуп, изнуда и оданочување на локалните заедници, шверц со оружје, дрога, нафта и јаглен, рации во села, надворешна финансиска поддршка од поширока мрежа на Исламска држава. |
| Ansaru | Киднапирање за откуп, изнуда, трговија со оружје и нелегална трговија со дрога и јаглен, оданочување на локалното население и бизниси. |

Извор: United Nations Security Council (2022a, 2022b, 2022c); U.S. Department of State (2020a, 2020b, 2021, 2022, 2023); Janes (2022); Council on Foreign Relations. (2024); U.S. Department of Justice (2022); European Parliament (2017); Clarke, C. P. (2023); Counter Extremism Project (2023); BBC (2018); National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States (2004); Federal Bureau of Investigation (2003).

Најзначајните начини на финансирање на терористичките организации, како што е прикажано во табелата, се: *киднапирање за откуп* (начин на финансирање што се користи од страна на многу терористички групи), *шверц на дрога* (еден од најпрофитабилните извори на финансирање, бидејќи овие терористички групи ги контролираат премините на дрогата и неовластената трговија), *изнуда и оданочување* (со насилство и закани присилуваат бизниси или поединци да плаќаат заштита или даноци, што им овозможува да собираат средства без да зависат од надворешни извори), *трговија со оружје* (се снабдуваат со воена опрема што ја користат во своите напади и конфликти, а преку шверцот на оружје создаваат огромни финансиски профити), *донации од поединци и организации* и *трговија со природни ресурси* (значителни приходи од експлоатацијата на природни ресурси, вклучувајќи нафта и минерали).

Трговијата со оружје и наркотици, како и другите нелегални активности се клучни за финансирањето на терористичките организации и го овозможуваат продолжувањето на нивната опсада на територии каде што тие се активно присутни. Со трговијата со наркотици се финансираат дури 23 терористички организации од наведените 28 (82 %), а со трговијата со оружје 22 терористички организации (78 %). Оттука, може да кажеме дека финансиите обезбедени преку трговија со оружје и дрога имаат сериозни импликации врз стабилноста на земјите каде што оперираат терористичките групи.

Во продолжение анализираме дали трговијата со оружје и дрога значително корелираат со параметрите на тероризам.

**Табела 5. Поврзаност на тероризмот со трговијата со оружје и трговијата со дрога.**

| | | Индекс на тероризам | Број на напади | Број на загинати | Број на повредени | % од вк. број загинати во светот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Увоз на оружје | r | 0,667** | 0,788** | 0,863** | 0,736** | 0,688** |
| | p | 0,002 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,002 |
| Индекс на трговија со оружје | r | 0,093 | 0,626 | -0,473) | -0,700)* | -0,391) |
| | p | 0,799 | 0,053 | 0,168 | 0,024 | 0,264 |
| Индекс на трговија со хероин | r | 0,453 | 0,760* | 0,215 | 0,164 | 0,285 |
| | p | 0,189 | 0,011 | 0,550 | 0,652 | 0,426 |
| Индекс на трговија со кокаин | r | -0,277) | -0,299) | 0,088 | 0,231 | -0,008) |
| | p | 0,439 | 0,402 | 0,809 | 0,521 | 0,983 |
| Индекс на трговија со канабис | r | -0,223) | 0,242 | -0,117 | 0,309 | -0,126 |
| | p | 0,537 | 0,500 | 0,747 | 0,385 | 0,729 |
| | r | -0,126) | 0,222 | -0,096) | -0,022) | -0,057) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Индекс на трговија со синтетички droги | p | 0,728 | 0,537 | 0,793 | 0,952 | 0,876 |
| Заплена на дрога (кг) | r | 0,515 | 0,418 | 0,628* | 0,499 | 0,461 |
| | p | 0,105 | 0,200 | 0,039 | 0,118 | 0,153 |

Постои силна позитивна корелација помеѓу увозот на оружје и сите индикатори за тероризам. Имено, индексот на тероризам значително се зголемува поради увозот на оружје ($r = 0,677$, $p = 0,002$) и увозот од 10 милиони долари придонесува за пораст на индексот на тероризам за 6,77 %. Може да се случат 8 напади повеќе доколку увозот на оружје се зголеми за 10 милиони долари ($r = 0,787$, $p < 0,001$). Исто така, увозот на оружје правопропорционално корелира и со бројот на загинати ($r = 0,863$, $p < 0,001$) и со бројот на повредени ($r = 0,736$, $p < 0,001$), што укажува дека поголем увоз на оружје за 10 милиони долари повлекува дополнителни 9 загинати во терористички напади во соодветната земја, односно 7 повредени. Процентуалната застапеност на загинатите во земјата во однос на вкупните загинати во светот од тероризам ќе се зголеми за 6,9 % при увоз на оружје за 10 милиони ($r = 0,688$, $p = 0,002$). Резултатите сугерираат дека трговијата со оружје може многу да влијае врз намалувањето на неселективните напади и дека оружјето се користи поефикасно за поразувачки, а не само за повредувачки цели. Зголемениот увоз на оружје е значително поврзан со зголемувањето на терористичките активности, бројот на жртви и интензитетот на напади. Поголемиот увоз на оружје создава можности за терористичките групи да имаат поголема достапност до вооружување, што директно придонесува за пораст на тероризмот.

Значајна негативна корелација се забележува помеѓу индексот на трговија со оружје и бројот на повредени ($r = -0,700$, $p = 0,024$), што значи дека зголемувањето на индексот на трговија со оружје за 10 % е поврзано со намалувањето на бројот на повредени лица во терористичките напади за 7, а тоа, пак, значи дека зголемувањето на индексот зависи од позитивна промена на други променливи.

Индексот на трговија со хероин позитивно е поврзан со бројот на напади ($r = 0,760$, $p = 0,011$), и зголемената трговија со хероин има потенцијален ефект врз зачестеноста на терористичките напади веројатно поради зголемените приходи на терористичките групи од шверцувањето хероин. Порастот на индексот на трговија со хероин за 10 % повлекува 8 напади повеќе, што го потенцира негативното влијание на присуството на хероин.

Количеството запленета дрога корелира со бројот на загинати во терористичките напади ($r = 0,628$, $p = 0,039$), што сугерира дека колку повеќе службите се агилни и запленуваат поголеми количества наркотици, терористичките напади резултираат со толку повеќе повредени лица. Кога терористичките организации ќе изгубат дел од својот приход од нелегална трговија со дрога поради заплена, тие може да одговорат со зголемена агресивност и напади во обид да ја компензираат загубената финансиска поддршка. Заплената може да доведе до нови стратегии за избегнување на законот, како што се промена на маршрутите на трговија или корупција на функционери, за да им се овозможи полесен проток на дрога. Ова може да доведе до дополнителни конфликти и напади на властите, што резултира со зголемен број повредени.

**Заклучок**

Транснационалниот криминал сè повеќе се интегрира и заеднички дејствува со цел да ги постигне своите финансиски цели. Трговијата со дрога и оружје не само што ја

зголемува профитабилноста на криминалните мрежи, туку на терористичките групи им обезбедува и неопходни ресурси за одржување на нивните активности. Нивните негативни импликации на безбедноста и развојот на земјите се непроценливи и, секако, сериозни, а поврзаноста на овие различни форми на криминал создава нови, поопасни предизвици, како регионално, така и глобално, бидејќи финансиското зајакнување овозможува финансирање и помош на помалите групи, не само локално, туку и низ целиот свет.

Увозот на оружје има силна и статистички значајна корелација со сите индикатори за тероризам, што укажува дека зголемената достапност на оружје придонесува за зголемување на терористичките напади и бројот на жртви. Трговијата со дрога (особено хероин) е најзначително поврзана со бројот на напади, што покажува дека оваа дрога е значаен финансиски извор за терористичките групи. Индексот на трговија со оружје има сложен ефект – иако трговија со оружје покажува позитивна врска со нападите, индексот има негативна врска со бројот на повредени, што може да укаже на поефикасно и фокусирано користење на оружјето во нападите. Регионите со висока заплена на дрога имаат тенденција за помасовни терористички напади.

За ефикасно справување со овие закани се потребни интензивна меѓународна соработка, подобро спроведување на законот и целосно внимание на економските и социјалните фактори што го потхрануваат транснационалниот криминал.

**Користена литература**


Albanese, J. S. (2011). *Transnational Crime and the 21st Century: Criminal Enterprise, Corruption, and Opportunity*. Oxford University Press.

BBC News. (2018). *Afghanistan: How do the Taliban make money?*

Buchholz, K. (2024). The world's biggest arms exporters. *Defense spending and arms trade*. Statista. Достапно на: https://www.statista.com/chart/18417/global-weapons-exports/.

Caulkins, J. P. & Reuter, P. (2022). How much demand for money laundering services does drug selling create? Identifying the key parameters. *International Journal of Drug Policy, 103*, 103652.

Clarke, C. P. (2023). *The Financial Future of the Islamic State*. Combating Terrorism Center, Достапно на: Combating Terrorism Center at West Point.

Cockayne, J., & Walker, S. (2017). *The future of counter-terrorism financing: Rethinking strategy for a new age of threat*. Brookings Institution Press.

Council on Foreign Relations. (2024). *Iran's Revolutionary Guards*. Достапно на: Council on Foreign Relations.

Counter Extremism Project. (2023). *Hay'at Tahrir al-Sham Profile.* Достапно на: counterextremism.com.

Crank, J.P., & Jacoby, L.S. (2015). Crime, violence and global warming. London: Routledge: Taylor and Francis Group.

Dyvik, E. H. (2024). *Market share of major arms imports by the largest importers 2019-2023.* Statista. Достапно на: https://www.statista.com/statistics/267134/share-of-individual-nations-in-the-import-of-conventional-weapons/.

European Parliament. (2017). *The financing of the 'Islamic State' in Iraq and Syria (ISIS)*. Достапно на: European Parliament.

Global Initiative. (2023). *Global Organized Crime Index – 2023.* Достапно на: https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2023/09/Global-organized-crime-index-2023-web-compressed-compressed.pdf.

Federal Bureau of Investigation. (2003). *International drug trafficking and terrorism: Testimony before the Senate Judiciary Committee, Subcommittee on Technology, Terrorism, and Government Information*. Достапно на: https://archives.fbi.gov/archives/news/testimony/international-drug-trafficking-and-terrorism.

Federal Bureau of Investigation. (2025). *Testimony*. Достапно на: https://archives.fbi.gov/archives/news/testimony/international-drug-trafficking-and-terrorism.

Felbab-Brown, V. (2009). *Shooting up: Counterinsurgency and the war on drugs*. Brookings Institution Press.

Florquin, N., & Berman, E. G. (2005). *Armed and aimless: Armed groups, guns, and human security in the ECOWAS region*. Small Arms Survey.

Janes. (2022). *The sources of Iran's IRGC's financial empire and their sustainability in the medium to long term*. Достапно на: https://www.janes.com/osint-insights/defence-and-national-security-analysis/post/the-sources-of-iran-irgc-financial-empire-and-their-sustainability-in-the-medium-to-long-term.

Jenner, M.S. (2014). Drug trafficking as a transnational crime. In P. Reichel & J. Albanese (Eds). Handbook of Transnational Crime and Justice (2nd ed.). pp/55-84). Los Angeles: SAGE Publications.

Joshi, S. (2019). How terrorist actors in Pakistan use nuclear weapons for political influence, *Asian Security*, *1*(2), 221-242.

Maras, M. (2015). Transnational Security. London: CRC Press: Taylor & Francis Group.

Makarenko, T. (2004). The crime-terror continuum: Tracing the interplay between transnational organized crime and terrorism. *Global Crime, 6*(1), 129-145.

Martin, C. A. G. (2014). Terrorism and transnational organized crime. In P. Reichel & J. Albanese (Eds.). *Handbook of transnational crime and justice* (2nd ed., pp. 243–261). Los Angeles, CA: SAGE Publications.

Martin, G. (2022). ECONOMIC THEORIES OF THE BEGINNING OF 21 ST CENTURY. *International Dialogue: East-West*, *9*(1).

Митиќ, К. (2013). *Организиран криминал: невоена закана за Југоисточна Европа*. Скопје: Publisher.

National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States. (2004). *Al Qaeda's Means and Methods to Raise, Move, and Use Money*.

Николовски, М. (2008). Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката. Скопје: Факултет за безбедност.

OCIDEX. (2025a). *Heroin trade.* Достапно на: https://ocindex.net/2023/rankings/heroin_trade.

Institute for Economics & Peace. (2025). *Reports.* Достапно на: https://www.economicsandpeace.org/reports/.

OCIDEX. (2025b). *Cocaine trade.* Достапно на: Countries with the Highest Cocaine trade rate in the World - The Organized Crime Index.

OCIDEX. (2025c). *Synthetic drug trade.* Достапно на: https://ocindex.net/2023/rankings/synthetic_drug_trade.

Shelley, L. I., & Melzer, S. (2011). *Dark commerce: The hidden economy of terrorism*. Cambridge University Press.
United Nations. (1995). *Measures to combat transnational organized crime: Report of the Secretary-General*. United Nations General Assembly, A/CONF.169/15.
United Nations (1995). *Naples Political Declaration and Global Action Plan Against Organized Transnational Crime*, Section II, Subsection A, Paragraph 12, contained in The World Ministerial Conference on Organized Transnational Crime. United Nations Crime Prevention and Criminal Justice Newsletter, Nos. 26/27, Vienna, November 1995.
United Nations. (2005). *Protocol against the Illicit Manufacturing of and Trafficking in Firearms, entered into force July. 3, 2005, U.N.T.S. 39574*. Достапно на: https://treaties.un.org/pages/viewdetails.aspx?src=ind&mtdsg_no=xviii-12- *c chapter=18 &lang*=en.
United Nations. (2025). *Drug Trafficking & Cultivation.* Достапно на: https://dataunodc.un.org/dp-drug-seizures.
United Nations Security Council. (2022a). *Report of the Secretary-General on the situation in Mali*. United Nations. Достапно на: https://www.un.org/securitycouncil.
United Nations Security Council. (2022b). *Report on terrorist financing in West Africa*. Достапно на: https://www.un.org/securitycouncil/.
United Nations Security Council. (2022c). *Sanctions Monitoring Report on HTS Financing.* Достапно на: undocs.org.
United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC). (2020). *Global study on firearms trafficking*. UNODC.
UNODC. (2021). *DRUG SITUATION IN AFGHANISTAN 2021: Latest findings and emerging threats*. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/Afghanistan/Afghanistan_brief_Nov_2021.pdf.
United Nations (no date). Office on Drugs and Crime. *Drug Trafficking.* Достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/drug-trafficking/.
U.S. Department of State. (2020a). *Terrorist designations and state sponsors of terrorism*. Достапно на: https://www.state.gov/terrorist-designations-and-state-sponsors-of-terrorism.
U.S. Department of State. (2020b). *International narcotics control strategy report*. Достапно на: https://www.state.gov/terrorist-designations-and-state-sponsors-of-terrorism.
U.S. Department of State. (2021). *Terrorist designations and state sponsors of terrorism*. Достапно на: https://www.state.gov/terrorist-designations-and-state-sponsors-of-terrorism.
U.S. Department of Justice. (2022). *Justice Department Announces Terrorism and Sanctions-Evasion Charges and Seizures Linked to Iranian Oil*. Достапно на: Department of Justice.
U.S. Department of State. (2022). *Designating IRGC-QF and Hizballah Financial Facilitators*. Достапно на: U.S. Department of State.
U.S. Department of State. (2023). *Country reports on terrorism 2022*. U.S. Department of State. Достапно на: https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2022/.
Vision of humanity (2025). Overall Terrorism Index Score. Достапно на: Global Terrorism Index | Countries most impacted by terrorism.
World Bank Group. (2025). *Arms exports (SIPRI trend indicator values) - British Virgin Islands, Angola, Afghanistan, Somalia, Syrian Arab Republic.* Достапно на:

https://data.worldbank.org/indicator/MS.MIL.XPRT.KD?end=2024&locations=VG-AO-AF-SO-SY&name_desc=true&start=2019&view=chart&year=2000.

World Integrated Trade Solution. (2025). *Burkina Faso Military weapons,oth than revolvers,pistols and imports by country in 2023*. Достапно на: Burkina Faso Military weapons,oth than revolvers,pistols and imports by country | 2023 | Data.

Yacubu, J.G. (2005). Cooperation among armed forces and security agencies in combating the proliferation of small arms. In A. Ayissi & I. Sall (eds.). Combating the Proliferation of Small Arms and Light Weapons in West Africa: *Handbook for the Training of Armed and Security Forces.* (pp.55-75). Geneva, Switzerland: United Nations Publication.

**Nikolcho Spasevski, MA**

# GOLDEN TRIANGLE: DRUG TRAFFICKING, ARMS TRAFFICKING AND TERRORISM

**Abstract**

Transnational crime, which includes illegal activities such as arms trafficking, drugs and terrorism, poses a serious threat to global and national security. With its cross-border nature, this crime transcends national jurisdictions and exploits gaps in international law and government coordination. At the same time, these activities are interconnected, creating a symbiotic relationship in which one form of crime fuels the other. Drug and arms trafficking provides funding for terrorist groups, and their activities intensify violence and political instability in the regions where they operate. This paper examines the complex connections between these criminal activities and their direct effect on the rise of terrorism, and the results confirm the significance of the relationship.

**Keywords:** *transnational crime, drugs, arms, terrorism, financing*.